## 41. Излегла Јана по поле

(Карамани, Битолско)




дали е поле стасано,
дали е жетва стигната,
да збери Јана аргати,
аргати, млади жетвари.
На пат је сретна Турчинче,
Турчинче, младо Тетовче.
Турче на Јана говори:
- Отфрли, Јано, туљбенот,
да ти го видам лицето,
дали прилега на мене,
млада ан'ма да станеш,
на висок чардак да седиш,
жолти флориње да нижиш,
на бело грло да носиш!
Турче и вели, говори:
- Еј гиди, Јано, убава,
деј гиди, Јано, гиздава,
кандисај, Јано, за мене,
кандисај, душо, за мене!
Јана му вели, говори:
- Макни се, Турче, од мене,
јас имам момче овчарче,
. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
јас сум си мома крстена,
јас сум си мома Рисјанка,
верата не си ја предавам,
Турчинка јас не станувам!

АИФ м.л. 2648, Торонто, Канада; пее Василка Марковска, родена во с. Карамани, Битолско; снимил Ѓорѓи Ѓорѓиев (1978); дешифрирала и мелографирала Родна Величковска; се пее преку ден.